Постапувајќи по претставка бр. 0801-136 од 25.06.2021 поднесена од [redacted] против Јавно сообраќајно претпријатие Скопје за сторена дискриминација врз основа на раса, боја на кожа, социјално потекло, етничка припадност и припадност на маргинализирана група во областа на пристапот до јавни добра и услуги, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација врз основа на член 21, став 1 точка 14 и член 27, став 1 од Законот за спречување и заштита од дискриминација (Службен Весник на Р.С. Македонија бр. 258/2020 од 30.10.2020), на 30.08.2021 го донесе следново

Комисија за спречување и заштита од дискриминација
Бр. 08-136/4
01.09 2021 год.
СКОПЈЕ

## МИСЛЕЊЕ

**СЕ УТВРДУВА** ДИРЕКТНА ИНТЕРСЕКЦИСКА ДИСКРИМИНАЦИЈА врз основа на раса, боја на кожа, социјално потекло, етничка припадност и припадност на маргинализирана група врз жена и нејзини две малолетни деца во областа на пристапот до јавни добра и услуги од страна на Јавното сообраќајно претпријатие Скопје.

## Образложение

До Комисијата за спречување и заштита од дискриминација на 23.06.2021 беше доставена претставка за заштита од дискриминација од страна на [redacted] со седиште на улица [redacted] во Скопје, против Јавното сообраќајно претпријатие Скопје со седиште на бул. Александар Македонски бр. 10, Скопје. Во претставката подносителот опишува настан кој вклучува непознато лице, вработено во Јавното сообраќајно претпријатие (ЈСП) Скопје како возач на автобус на градска линија бр. 22, со регистарски таблички SK-2275-AB. Имено, возачот на ден 09.06.2021 година во 14:10 часот, во моментот кога автобусот се наоѓал на автобуската станица 271 – Соборен храм, насилно исфрлил од автобусот жена и нејзини две малолетни деца (од кое едното било во количка) – сите припадници на ромската етничка. Претходно семејството било буткано од другите патници во автобусот, а во тој момент возачот станал од своето седиште и ја исфрлил надвор жената со нејзини деца и притоа викајќи им „Вие циганите само гужва правите, не ве пуштам веќе во автобус".

Комисијата за спречување и заштита од дискриминација сметаше дека наводите од претставката и приложените докази го прават тврдењето на [redacted] веројатно дека Јавното сообраќајно претпријатие Скопје сториле директна дискриминација врз припадници на ромската етничка заедница во областа на пристапот до јавни добра и услуга. Следствено, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација на 09.07.2021 година врз основа на член 24 став 7 од Законот за спречување и заштита од дискриминација (Службен Весник на Р.С. Македонија бр. 258/2020 од 30.10.2020) достави Известување бр. 0801-136/2 за произнесување на Јавното сообраќајно претпријатие Скопје за наводите за дискриминација содржани во претставката. Во барањето за произнесување, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација побара од Јавното сообраќајно претпријатие да достави и видеоснимки од предметниот настан опишан во претставката наведувајќи го денот, времето, регистарската табличка на автобусот и возната линија.

Бидејќи Јавното сообраќајно претпријатие не се произнесе по претставката во законски предвидениот рок од 15 дена согласно член 24 став 7 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, Комисијата ги анализираше само наводите содржани во претставката поднесена од [redacted]. Имајќи го во предвид фактот што товарот на докажување премина на Јавното сообраќајно претпријатие согласно член 26 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, а истото не се произнесе, Комисијата утврди дека наводите во претставката ја отсликуваат вистината за она што се случило во предметниот настан. Согласно наведеното, возачот на ЈСП на автобуската линија 22 со број на таблици SK-2275-AB го ограничил правото на еднаков пристап до јавни добра и услуги на семејство од ромска етничка припадност врз основа на

припадност врз основа на нивната раса, боја на кожа, социјално потекло, етничка припадност и припадност на маргинализирана група. Дополнително, возачот предизвикал ситуација во која го понижил и навредил семејството а исто така предизвикал и чувство на страв и вознемиреност. Квалификаторен елемент во предметниот настан е што едно од децата било во инвалидска количка што уште повеќе покажува отсуство на сензибилност на возачот спрема оваа категорија на лица. Имено, еднаквиот пристап до јавни добра и услуги треба да биде обезбеден од сите правни објекти без оглед на бојата на кожа, расата, социјалниот статус и други основи кои се предмет на дискриминацијата.Следствено, членот 9 од Уставот на Р. Северна Македонија, членот 5 од Законот за спречување и заштита од дискриминација и членот 14 од Европската конвенција за човековите права јасно предвидуваат забрана на секоја дискриминација врз основа на раса, боја на кожа и национална или етничка припадност покрај другите основи. Оттука, дискриминацијата се однесува во областа на пристапот на јавниот пристап до добра и услуги што е директно поврзано и со член 1 од Протоколот бр. 12 од Европската конвенција за човекови права. Јавниот пристап до добра и услуги се огледува и во фактот што Јавното сообраќајно претпријатие е одговорно за превозот на патници во јавниот градски и приградски сообраќај на подрачјето на град Скопје и под надлежност на Град Скопје.

## ПРЕПОРАКА

Комисијата за спречување и заштита од дискриминација согласно член 27 став 2 му препорачува на Јавното сообраќајно претпријатие Скопје да преземе мерки кои ќе придонесат во насока на превенција на идни дискриминаторски практики од страна на возачите на нивните автобуси имајќи во предвид дека Комисијата за спречување и заштита од дискриминација и во минатото утврдувала дискриминација за слични предметни настани. Во оваа насока, Јавното сообраќајно претпријатие треба да спроведе обука за дискриминација во насока на сензибилизација на возачите при нивната работа со најразлични маргинализирани групи. За истото, сторителот на дискриминација е должен да ја извести Комисијата за спречување и заштита од дискриминација за исполнување на препораката Согласно член 27 став 3, сторителот е должен да постапи по препораката во рок од 30 дена од денот на приемот на препораката. Врз основа на став 4 од истиот член, доколку сторителот не постапи по препораката, Комисијата има право да покрене прекршочна постапка пред надлежниот суд за прекршоци. Препораката е во насока на зајакната превенција на дискриминаторски и вознемирувачки практики што ќе придонесе еднаквиот пристапот до јавни добра и услуги да биде еднакво овозможен на сите граѓани.

Доставено до:

- Јавно сообраќајно претпријатие Скопје, бул. Александар Македонски бр. 10, Скопје
- [redacted]

Комисија за спречување и заштита од дискриминација

Претседателка

Весна Бендевска

Комисија за спречување и заштита од дискриминација • Скопје

ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
Tel: +389 23232368 ; +389 23216892
www.kszd.mk contact@kszd.mk